*Универзитет Скопје*
*Број 09-43/2*
*25.03.2024 год.*
*Скопје*

# УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
## Број 2/2024

25. март, 2024 година
Скопје

# СОДРЖИНА

---

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**А) ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ:**

1. Еден наставник во научно истражувачко подрачје: општествени науки506 Организациони науки и управување (менаџмент), област: 50613 Деловно комуницирање, 50614 Одлучување и 50624 Друго...................................................................................................... 3

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА**

**МЕЛАНИ НОВАКОВСКА**

**ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**

во Научно-истражувачко поле 506 Организациони науки и управување (менаџмент), област: 50613 Деловно комуницирање, 50614 Одлучување и 50624 Друго

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија“ од 19. октомври 2023 година во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријави само една кандидат д-р Мелани Новаковска за звање доцент во Научно-истражувачко поле 506 Организациони науки и управување (менаџмент), област: 50613 Деловно комуницирање, 50614 Одлучување и 50624 Друго. Во пријавата за Конкурсот, кандидатката достави документација според Конкурсот и соодветните прописи. На седницата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот Скопје, одржана на ден 22.11.2023 год., определена е рецензентска комисија во состав:

- д-р Александра Стоилковска, редовен професор на Универзитетот СКОПЈЕ

- д-р Валентина Муцунска-Палевска, вонреден професор на Универзитетот СКОПЈЕ

- доц. д-р Виолета Миленковска, редовен професор на Универзитетот СКОПЈЕ

Оваа Комисија доби задача да напише рецензија во врска со изборот за наставник во Научно-истражувачко поле 506 Организациони науки и управување (менаџмент), област: 50613 Деловно комуницирање, 50614 Одлучување и 50624 Друго.

Во својство на членови на Комисијата го прифативме именувањето. Откако ја прегледавме пријавата и приложената документација и по извршената анализа на научната, наставната и стручната дејност на кандидатката, а врз основа на одредбите од Статутот на Универзитетот, согласно член 52 став 1, алинеја 2 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. број 82 од 8.05.2018 година), констатиравме дека кандидатката не ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање бидејќи истата нема доволен број трудови согласно член 166 од Законот за високото образование.

Земајќи ја предвид оваа околност, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет кандидатката д-р Мелани Новаковска да не ја избере во звање доцент во Научно-истражувачко поле 506 Организациони науки и управување (менаџмент), област: 50613 Деловно комуницирање, 50614 Одлучување и 50624 Друго

.

**- д-р Александра Стоилковска, редовен професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, с.р.**

**- д-р Валентина Муцунска-Палевска, вонреден професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, .с.р.**

**- доц. д-р Виолета Миленковска, редовен професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, с.р.**